РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 11-7714/9
________ 20___ год
СКОПЈЕ

29.12.15

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15), Министерот за труд и социјална политика, донесе

# РЕШЕНИЕ
# ЗА ОДОБРУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ПРИРАЧНИКОТ "ГО ОТКРИВАМЕ СВЕТОТ СО ЕМИЛ И ЕЛЕНА 2" ЗА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ (од 4 до 5 год.)

1. Се одобрува употреба на прирачникот "Го откриваме светот со Емил и Елена 2" за деца од предучилишна возраст (од 4 до 5 години) во установите за деца – детски градинки, од авторите Билјана Камчевска, Весна Макашевска, Симона Палчевска и Александра Митровска, во издание на АД за издавање учебници и наставни средства - Просветно дело, Скопје.
2. Со ова решение се поништува претходно доставеното решение бр. 11-7714/3 од 01.12.2015 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на барањето од страна на АД за издавање учебници и наставни средства - Просветно дело - Скопје, за добивање Решение за одобрување и употреба на прирачникот "Го откриваме светот со Емил и Елена 2" за деца од предучилишна возраст (од 4 до 5 години) во установите за деца - детски градинки, од авторите Билјана Камчевска, Весна Макашевска, Симона Палчевска и Александра Митровска, согласно Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15), од Педагошката служба побарано е стручно мислење за истиот.

Според доставеното стручно мислење од Педагошката служба бр. 03-16324/2 од 06.11.2015година, прирачникот "Го откриваме светот со Емил и Елена 2" е наменет за децата од предучилишна возраст (од 4 до 5 години) и има когнитивна компонента за развој и стекнување на општи знаења од наведената област, *соодветствува* со Пограмата за рано учење и развој и ги остварува целите за развоен период од 4 до 5 годишна возраст, односно аспектите за јазик, социо – емоционален и когнитивен развој и има за цел стекнување на општи и основни знаења од областите: математика, наука, логика, ликовно и музичко воспитание. Истиот, е богато илустиран и лесно разбирлив и претставува добра основа за постепено осознавање на поимите за оваа возраст на децата. Исто така, прирачникот содржи и насоки за организирање на работата со деца од предучилишна возраст. Согласно наведеното, Педагошката служба го препорачува прирачникот "Го

откриваме светот со Емил и Елена 2" за деца од предучилишна возраст (од 4 до 5 години) за употреба во детските градинки.

Согласно член 173 став 4 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15), прирачникот може да биде понуден за употреба како воспитно – образовен материјал за реализација на активностите од страна на згрижувачко – воспитниот кадар од месец септември 2016 година.

Врз основа на даденото мислење на Педагошката служба, согласно член 173 став 3 од Законот за заштита на деца ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15, 150/15, 192/15), се донесе Решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена по приемот на истото, преку Министерството за труд и социјална политика до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.

МИНИСТЕР
д-р Фросина Ташевска Ременски

Изработил: м-р В. Стојкоска
Контролирал: м-р Д. Петрушевска
Одобрил: м-р Д. Петрушевска